Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 05-2789/3
14. 12. 2021

Друштво за производство, промет и услуги
СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0507-1673/1
29. 12. 2021 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за набавка на масло за горење екстра лесно за потребите на подрачните одделенија

**Склучен на ден                    помеѓу:**

**1.Министерството за правда на Република Северна Македонија**, со седиште на ул. „Димитрие Чуповски" бр.9 Скопје, ЕДБ 4030990254525 и ЕМБЦ 4065964 претставувано од министерот за правда м-р Бојан Маричиќ (во натамошниот текст: Договорен орган) од една страна и

**2. Друштво за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,** со седиште на бул. 8-ми Септември бр.20/И-ДП1 Скопје, претставувано од **одговорно лице Ристе Андреевски, даночен број 4030991106643 и ЕМБС 4258339 и жиро сметка 300000000023704 депонент на Комерцијална Банка АД Скопје** (во понатамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна

### I.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е регулирањето на меѓусебните права и обврски на договорните страни за набавка на стоки – набавка на масло за горење екстра лесно за потребите на подрачните одделенија, по спроведување на поедноставена отворена постапка, согласно член 49 став 1 од Законот за јавните набавки, согласно Одлуката за јавни набавки број 05-2789/1 од 25.10.2021 година и Одлуката за избор на најповолен понудувач 05- 2789/2 од 17.11.2021 година.

### II.ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на договорот за набавка на услугите од член 1 изнесува 600.000,00 денари без вклучен ДДВ и ДДВ во износ 108.000,00 денари или вкупно 708.000,00 денари со вклучен ДДВ и сите други јавни давачки согласно законските прописи, трошоци и транспортни трошоци на набавувачот, согласно прифатената техничка и финансиска понуда на носителот на набавката.
Единечната цена по литар масло за горење –екстра лесно ( ЕЛ-1) ќе се утврдува на деновите на испораката и истата ќе биде условена од последната Одлука за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати донесена од страна на Регулаторна комисија за енергетика и објавена во Службен весник на РМ. Рабатот постигна на е-аукција изнесува **2,496** денари за литар со вклучен ДДВ и истиот останува фиксен за целото времетраење на договорот.

### III.ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Договорот ќе важи за период од 1 (една) година или до целосна исцрпување на вредноста на договорот, сметано од денот на потпишување на договорот.
Договорот се смета за склучен по неговото потпишување од страна на двете договорни страни.

### IV.НАЧИН, УСЛОВИ И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Договорниот орган плаќањето на предметот на набавка ќе го изврши вирмански во рок од 30 календарски денови од приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган, кон која се приложува и испратница потпишана од двете страни.

## V.ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 5**

Договорниот орган е должен да ја плати вредноста на испорачаната стока во законски утврден рок од денот на доставување на факурата од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин утврден со овој договор.

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно испорачувањето на предметот на договорот.

## VI.ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 6**

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го испорачува најмногу во рок од 30 дена од денот на склучување на договорот.

Носителот на набавката е должен стоките да ги испорача согласно техничката спецификација во тендерската документација.

Носителот на набавката за набавка и испорака на екстра лесно масло за горење за потребите на подрачните одделенија на набавувачот за грејна сезона, доставува фактура по извршената испорака, со наведување на рок на плаќање.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница, потпишана од овластени лица на двете договорни страни.

При изготвување на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе особено и следните елементи:

- Назив на набавувачот, место, седиште, даночен број;
- Број и датум на Договорот;
- Количина, поединечна и вкупна вредност на испорачаната стока;
- Вкупна цена на фактурата;
- Пресметка на ДДВ;
- Валута на плаќање.

## VII.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или истата ќе ја извршува ненавремено, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските во дополнително дадениот рок или да го раскине договорот.

Договорниот орган го известува носителот на набавката, писмено или по електронски пат, дека му се дава дополнителен рок за изршување на конкретната услуга, откако носителот на набавката ќе го побара тоа, писмено или по електронски пат, со наведување на причината за тоа.

**Член 8**

Договорот се раскинува со доставување на писмено известување испратено до другата договорна страна преку препорачана пошта и тоа за:

-Договорниот орган на адреса: ул.Димитрие Чуповски бр. 9, 1000 Скопје;

-Носителот на набавката на адреса:бул. „8-ми Септември" бр.20/И-ДП1 Скопје.

За уредно извршено доставување на известувањето ќе се смета и доставување направено преку електронска пошта на договорните страни.

## VIII. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА И ДОГОВОРНА КАЗНА

**Член 9**

Во случај на неисполнување или ненавремено и неквалитетно извршување на обврските од страна на носителот на набавката и настанување на штета поради тоа, договорниот орган може да бара надомест на штета или договорна казна.
Договорната казна се определува во висина од 0.1 % од вредноста на неизвршената услуга за секоја започната недела за првите две недели, односно 0.5 % за секоја следна недела задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на неизвршената услуга.
Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на договорниот орган, доколку таква штета настанала поради раскинување на договорот.

**IX.ВИША СИЛА**

**Член 10**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор настанато заради виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за облигациони односи.
Ако една од договорните страни е спречена во исполнување на утврдените обврски од овој Договор, заради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата договорна страна со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.
Неисплнувањето на договорените обврски како последица од делување на виша сила не се смета за кршење на договорот и не се санкционира согласно одредбите од овој договор и одребите од ЗОО.
За регулирање на прашања околу измената на условите на основниот договор, поради делување на виша сила, договорните страни ќе склучат Анекс кон овој договор, веднаш по норамализирање на состојбите.

**X. КОРУПЦИСКО И ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 11**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

**XI. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 12**

Носителот на набавката се обврзува да ги чува како тајна и нема да ги направи достапни на трети лица, податоците кои потекнуваат од или се однесуваат на договорниот орган, а со кои се запознал во текот на извршувањето на Договорот.

**Член 13**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите на овој Договор само спогодбено и со склучување на Анекс кон овој договор по писмен пат, како и во согласност со Законот за јавните набавки и Тендерската документација, Законот за облигационите односи и други важечки законски и подзаконски прописи во Република Северна Македонија.
Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата договорна страна да го достави во писмена форма.

**Член 14**

За сè она што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки, Законот за облигационите односи и важечките прописи во Република Северна Македонија.

**Член 15**

Договорните страни се согласни сите евентуални спорови коишто можат да настанат од примената на овој Договор да ги решаваат спогодбено согласно добрите деловни обичаи.

Доколку договорните страни не успеат да дојдат до спогодбено решение за настанатиот спор, тие се согласни, спорот да го доделат на решавање на стварно и месно надлежниот Основен граѓански суд Скопје.

**Член 16**

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

| НАБАВУВАЧ | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
|---|---|
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА** | **СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** |
| **Министер за правда** | **Управител** |
| **м-р Бојан Маричиќ** | **Ристе Андреевски** |

**Подготвила: м-р Марина Миновска, раководител на одделение**
**Контролирала: Убавка Матевска Скаловска, раководител на сектор**